Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за животна средина
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Бр. - Nr 02-65/1
13.01.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Архивски број: 02-65/1

Дата: 13.01.2023 година

[redacted]

Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: s.stojkovski@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 71/ 214-730

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakka " nr.2
1000 Shkup
( Pallati Emanuel Çuçkov )
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: s.stojkovski@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 71/ 214-730

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022) и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за животна средина, директорот на Државниот инспекторат за животна средина донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерни оглас бр.3/2022 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за животна средина**

1. Кандидатот Дарко Блинков по пат на интерен оглас број 3/2022 објавен на 29.12.2022 година се избира за работното место ИНС 01 01 Б01 001 Генерален инспектор за животна средина – 1 (еден) извршител.

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр. 04-53/2 од 11.01.2023 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, директорот на Државниот инспекторат за животна средина ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државниот инспекторат за животна средина, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр. 18-8153/3 од 22.09.2022 и бр. 18-10918/2 од 29.11.2022 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник бр.3/2022 на ден 29.12.2022 година на веб страната на Државниот инспекторат за животна средина и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.3/2022 за унапредување на 1 (еден) административен службеник на работното место: Генерален Инспектор за животна средина -1 извршител, се пријавил само 1 кандидат.

На ден 13.01.2023 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение Бр. 04-53/2 од 11.01.2023

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

година година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази на единствено пријавениот кандидат и изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.3/2022 бр.04-53/3 од 13.01.2023 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 13.01.2023 година, директорот на Државниот инспекторат за животна средина спроведе интервју со кандидатот за што до Комисијата за селекција за унапредување достави Извештај врз основа на кој Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју состави записник Бр.04-53/4 од 13.01.2023 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до директорот на Државниот инспекторат за животна средина достави Записник од административна селекција Бр.04-53/3 од 13.01.2023 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр. 04-53/4 од 13.01.2023 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто, Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, директорот на Државниот инспекторат за животна средина одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот,

**ДИРЕКТОР**

**М-р Сретен Стојковски**

[redacted]

Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: s.stojkovski@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 71/ 214-730

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakka " nr.2
1000 Shkup
( Pallati Emanuel Çuçkov )
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: s.stojkovski@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 71/ 214-730